***Број: 02 - 24602/2***
***05.12.2008 година***
***С к о п ј е***

***ЗАПИСНИК***
***од XLVI -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 05.12.2008 во 14.00 часот*
*во просториите на*
*Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Фисник Ибраими, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***
- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, претставник од Министерството за финансии - претседател;*
- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член;*
- *Д-р. Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ;*
- *Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ;*
- *Љубица Димитровска, началник за финансии (делумно присутна);*
- *Христо Трповски, дипломиран правник во својство на записничар*

*Поради отсуство на претседателот на Управниот одбор Снежана Костадиноска Милошеска, седницата ја отвори заменикот на претседателот Фисник Ибраими. Откако утврди дека се присутни четири членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување, му даде збор на директорот Георги Тренкоски да ја објасни потребата од итно свикување на седницата без претходно предложен дневен ред.*

*Директорот Тренкоски објасни дека седницата е свикана за да се направи измена на буџетите на јавните здравствени установи заради постапување по заклучоците на Владата на Република Македонија, според кои Фондот за здравствено осигурување на Македонија треба да ги намири старите долгови на јавните здравствени установи. Поради потребата од итно реагирање, за да може јавните здравствени установи до 11.12.2008 да ги елиминираат старите долгови, потребно е да се изврши измена на нивните буџети.*

*Врз основа на излагањето на директорот Тренкоски, Фисник Ибраими го предложи следниот*

***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д***

1. *Корекција на буџетските плафони на здравствените установи заради исплата на старите долгови;*

*Управниот одбор го прифати предлог дневниот ред, по што едногласно го усвои следниот*

***Д Н Е В Е Н  Р Е Д***

1. *Корекција на буџетските плафони на здравствените установи заради исплата на старите долгови.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на единствената точка на дневниот ред.*

***ТОЧКА 1 -*** *Корекција на буџетските плафони на здравствените установи заради исплата на старите долгови*

*На членовите на Управниот одбор им беше поделен предлогот од стручната служба за височината на буџетските плафони на одделните здравствени установи.*

*Врз основа на поделениот материјал, членовите на Управниот одбор поставуваа прашања а претставниците на Фондот одговараа.*

*Љубиша Каранфиловски укажа дека согласно заклучоците на Владата, јавните здравствени установи треба првенствено од сопствени средства да ги намират долговите, а потоа Фондот. Праша дали тие така и постапиле. Исто така, побара во старите долгови кои треба да се намират да се вклучат средства и за реализација на разликата за непримена на спогодбата за пресметка на плата и додатоци за единица по коефициент од 3400 денари за периодот од септември 2006 до септември 2007 (6 месеци 3180, 3 месеци 3250 и 3 месеци 3350 денари).*

*Фисник Ибраими праша дали Фондот има преглед колку одделна јавна здравствена установа имала долгови, колку платила и колку сега долгува. Предложи и средставата што ќе останат да бидат наменети за приоритетни инвестиции кои да се разгледуваат на следната седница по предлог на Министерството за здравство.*

*Директорот Тренкоски одговори дека до четврток 11.12.2008 година долговите ќе бидат целосно намирени, а дека е сега важно да се донесе Одлуката за буџетските плафони за јавните здравствени установи да можат да ги исплатат долговите.*

*Љубиша Каранфиловски осврнувајќи се на преложениот буџетски плафон на Здравствениот дом Битола укажа дека таму има намалување на неговата висина. Праша дали тоа нема да биде репер и при утврдувањето на буџетот на Здравствениот дом Битола за 2009 година.*

*Директорот Тренкоски одговори дека буџетот за 2009 година е сосема друго прашање а предложената Одлука е само заради сервисирање на старите долгови.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2008 година***

*со која ги усвои предложените буџетски плафони заради исплата на старите долгови на јавните здравствени установи, и*

***Одлука***

*со која се задолжуваат јавните здравствени установи, најдоцна до 11.12.2008 година да ги намират сите долгови кон добавувачите и до Фондот за здравствено осигурување на Македонија веднаш за тоа да достават извештај.*

*Фисник Ибраими по ова, даде предлог стручната служба на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, за Управниот одбор да изготви извештај за средствата во висина од 634.000.000 денари кои се потрошени за подмирување на старите долгови во јавните здравствени установи заклучно со 30.11.2008 година, а за преостанатите доколку се утврдат 135.759.987 денари*

*да бидат наменети за приоритетни инвестиции  кои ќе се разгледуваат на следната седница по предлог на Министерството за здравство.*

*По исцрпувањето на единствената точка од дневниот ред, Управниот одбор во 14.30 ч. ја заврши работата на XLVI -та седница.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Заменик на претседателот,***
***Фисник Ибраими***